# ПОКАНА

Почитувани,

Со задоволство Ве покануваме да учествувате на Работилницата организирана со цел поттикнување на иновативноста во производството на прехранбени производи и претставување на можностите за соработка во рамките на **Прехранбено-технолошки центар за развој на иновативни продукти (ПТЦ),** што ќе се одржи на 24.02.2021 (среда) во просториите на Технолошко-техничкиот факултет во Велес.

Центарот за развој на Вардарски плански регион и Технолошко-техничкиот факултет од Велес, преку Грантова шема за иновативни проекти, а во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој" формираа ПРЕХРАНБЕНО-ТЕХНОЛОШКИ ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИНОВАТИВНИ ПРОДУКТИ. Овој технолошки Центар претставува долгорочен стратешки инструмент за поддршка на регионалниот економски развој и конкурентност преку продлабочување на соработката помеѓу бизнис секторот од прехранбената индустрија и академската институција во Вардарскиот плански регион. Проектот беше финансиски поддржан од страна на Министерство за локална самоуправа и Швајцарска агенција за развој и соработка.

Во текот на работилницата ќе бидат претставени целите и формите на соработка во рамките на формираниот Прехранбено-технолошкиот центар (ПТЦ) и ќе бидат елаборирани иницијални идеи за соработка и зајакнување на врската академија-бизнис сектор.

Агендата за настанот е во прилог на оваа покана. Ве молиме, со оглед на актуелните мерки поврзани со пандемијата, да изберете термин што е соодветен за Вас (почеток од 10:00 или 12:00 часот) и да го потврдите Вашето присуство на работолницата во соодветниот термин најдоцна до 23.02.2021 (вторник) до 12.00 часот, барам на една од email-адресите: daniela.nedelkoska@uklo.edu.mk односно dusica.malinkova@vardarregion.gov.mk

Се надеваме на интерес и одзив на овој настан од Ваша страна, како и на идна соработка во рамките на формираниот Прехранбено-технолошки центар за развој на иновативни продукти.

Со почит,

Технолошко-технички факултет, Велес